# З А П И С Н И К
## Од Триесет и петтата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 19.03.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Триесет и петтата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Беким Лачи, Владимир Палашевски, Маја Седрак, Миле Гроздаnоски и Марјан Велевски.***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Музбајдин Ќамиљи, Томислав Кежаровски и Лазо Трпков.***

Триесет и петтата седница на Програмскиот совет започна во 11:05 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Триесет и петтата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 34-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување на допис од Собранието на Република Северна Македонија бр. 08-2129/2 од 17.03.2026 година**
3. **Донесување Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор и Заменик на директор на ЈРП МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:
- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 34-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Триесет и четвртата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување на допис од Собранието на Република Северна Македонија бр. 08-2129/2 од 17.03.2026 година**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори точката два од дневниот ред, која се однесува на дописот од Собранието бр. 08-2129/2 од 17.03.2026 година, доставен како одговор на барањето поднесено од директорот на МРТ со архивски бр. 03-1414/5 од 10.03.2026 година.

Во доставениот допис, Собранието укажува дека, согласно важечките законски одредби, Собранието нема надлежност да дава согласност на Статутот на Македонската радио-телевизија.

Дополнително, во дописот се појаснува дека Статутот на МРТ го донесува Програмскиот совет**, по** предлог на директорот**,** а истиот се објавува во „Службен весник“ и на интернет-страницата на МРТ**,** што е во согласност со законската рамка.

Во таа насока, тој потсети дека Програмскиот совет веќе донесе Одлука за донесување на Статутот на ЈРП МРТ на 33-та седница, по претходно дадена согласност од Надзорниот одбор**, со што** се исполнети сите законски предуслови и чекори за донесување на Статутот.

Имајќи ги предвид содржината на дописот од Собранието, веќе донесената Одлука за Статутот, како и применливите законски одредби, може да се констатира дека постапката за донесување на Статутот е целосно завршена и финализирана и дека не постои дополнителна обврска за добивање согласност од Собранието**.**

Особено е важно да се нагласи дека согласно член 97 од Статутот: „Овој Статут стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Односно стапувањето во сила не е условено со објавувањето во Службен весник, туку Статутот стапува во сила со денот на неговото донесување**.** Објавувањето во „Службен весник“ и на интернет-страницата претставува обврска за објавување и транспарентност**,** а не услов за правно дејство.

Претседателот на Советот предложи Програмскиот совет да го донесе следниот:

ЗАКЛУЧОК:

1. Програмскиот совет го разгледа дописот од Собранието на Република Северна Македонија бр. 08-2129/2 од 17.03.2026 година и констатира дека Собранието нема надлежност да дава согласност на Статутот на ЈРП МРТ.
2. Програмскиот совет констатира дека постапката за донесување на Статутот на ЈРП МРТ е спроведена во целост и во согласност со закон и дека истата е финализирана.
3. Програмскиот совет констатира дека, согласно член 97 од Статутот, Статутот стапува во сила со денот на неговото донесување, а објавувањето во „Службен весник“ не претставува услов за неговото влегување во сила.
4. Се задолжува Директорот на МРТ, преку надлежните служби, да ги преземе сите потребни дејствија за објавување на Статутот на интернет-страницата на МРТ и за негово објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“ во согласност со законските и статутарните одредби.

Претседателот го стави Заклучокот на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Донесување Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор и Заменик на директор на ЈРП МРТ**

Во рамки на оваа точка од дневниот ред, Програмскиот Совет ја разгледа Предлог-одлуката за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор и Заменик на директор на ЈРП МРТ, како и текстот на јавниот конкурс.

Предложениот текст е подготвен во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на ЈРП МРТ, при што се направени соодветни прецизирања со цел да се обезбеди целосна правна усогласеност и сигурност на постапката.

Во таа насока, најнапред е важно да се нагласи дека условите за избор се утврдени исклучиво во рамки на закон и статут, односно не се воведени дополнителни услови кои не се предвидени со позитивните прописи.

Особено значајно е прашањето на државјанството. Имено, во претходната верзија на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 130 содржеше услов кандидатот да биде државјанин на Република Македонија, но со измените и дополнувањата на овој закон („Службен весник на РМ“ бр. 248/2018), овој услов е избришан. Оттука, во важечкиот закон условот за државјанство не постои, па согласно тоа не може да се пропишува ниту во конкурсната постапка.

Во делот на судирот на интереси, текстот е прецизиран со цел усогласување со член 30 од Статутот. Притоа, се поаѓа од тоа дека судирот на интереси е поврзан со вршењето на функцијата и настанува по изборот, па не е соодветно истиот да се поставува како услов во фазата на пријавување. Поради тоа, во конкурсот е предвидено кандидатите да доставаат изјава дека доколку бидат избрани ќе постапуваат согласно член 30 од Статутот, односно ќе ги почитуваат ограничувањата утврдени за време на мандатот. Со ова решение се обезбедува усогласеност со статутарната рамка, се избегнува воведување на дополнителни услови во конкурсната постапка и се зајакнува правната сигурност.

Понатаму, во конкурсот е прецизирано дека постапките за избор на директор и заменик директор се одвоени и самостојни, што значи дека не мора да завршат истовремено и дека исходот на едната постапка не влијае врз другата. Ова е важно од аспект на ефикасноста и правната сигурност, бидејќи овозможува водење на постапките одделно, донесување на посебни одлуки и користење на правни средства само во рамки на постапката во која кандидатот учествувал.

Во однос на прашањето за неосудуваност, во конкурсот не е предвидено доставување потврда, имајќи предвид дека таков услов не е утврден во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а конкурсот не смее да воведува дополнителни услови. Дополнително, согласно член 106 став (5) од Кривичниот законик, не е дозволено од граѓаните да се бара да доставуваат докази за својата осудуваност или неосудуваност, при што евентуалната проверка може да се врши по службена должност.

Во однос на критериумите, потребно е да се има предвид дека основните услови се веќе утврдени со закон и статут, додека дополнителни аспекти може да бидат предмет на понатамошна дискусија. Меѓутоа, во оваа фаза се пристапува кон донесување на Одлуката за распишување на јавниот конкурс, како формален и неопходен чекор за отпочнување на постапката.

Во прилог на материјалите е доставена и Предлог-одлуката за распишување на јавен конкурс, со која формално се утврдува отпочнувањето на постапката согласно законските и статутарните одредби.

Збор зема Лазо Трпков кој праша дали може еден кандидат да конкурира за двете места?
Претседателот Давор Пашоски во одговор на поставеното прашање истакна дека, по претпоставка, не постои пречка еден кандидат да конкурира за двете позиции, имајќи предвид дека се работи за одвоени постапки. Воедно, нагласи дека ова прашање може дополнително да се провери и потврди со цел обезбедување целосна правна сигурност.

Потоа збор зема Томислав Кежаровски кој праша дали треба да се нагласи дека кандидатот треба да исполнува 240 ЕКТС, или тоа се подразбира согласно Законот и дали ќе биде наведено дека конкурсот трае 15 работни денови или 15 денови?
Претседателот Давор Пашоски објасни дека не е потребно во конкурсот да се наведува точниот број на ЕКТС кредити, имајќи предвид дека се применува формулацијата утврдена во Законот, односно дека кандидатот треба да има завршено високо образование. Во однос на времетраењето на конкурсот, истакна дека рокот од 15 работни дена е утврден согласно Статутот.

Понатаму Беким Лачи зема збор и праша дали ќе се формира комисија која ќе ги разгледува документите?
Претседателот истакна дека во точката 4 од Јавниот конкурс е прецизно наведено како ќе се разгледуваат документите, при што најнапред ќе се разгледува програмата за работа на кандидатот, а доколку Советот оцени дека програмата е соодветна и ги исполнува условите, потоа ќе се пристапи кон разгледување на соодветната документација на кандидатот.

Миле Грозданоски зема збор и рече дека согласно објаснувањето на Претседателот, програмата на кандидатот е најбитна и доколку не ги исполнува условите, воопшто нема да се рагледува документацијата на кандидатот.

На сето гореспоменато се надоврза Билјана Бабиќ која истакна дека сите овие недоумици го отвараат прашањето и потребата за нов посебен закон за МРТ, во кој точно ќе бидат пропишани сите овие критериуми.

На крај Претседателот Давор Пашоски предложи Програмскиот совет да пристапи кон донесување на Одлука за распишување на Јавен конкурс за избор на Директор и Заменик на директор на ЈРП МРТ, како и усвојување на текстот на јавниот конкурс, согласно доставениот предлог.

Воедно, по донесувањето на одлуката, се предлага следниот заклучок:

Се задолжува Директорот на МРТ, преку надлежните служби, да го објави текстот на јавниот конкурс на програмите на МРТ и на интернет-страницата на МРТ, како и во најмалку два дневни весника, согласно условите утврдени во конкурсот.

Претседателот го стави Предлогот на Одлуката и усвојувањето на текстот на конкурсот на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот констатираше дека Програмскиот совет ја донесе Одлуката и го усвои текстот на јавниот конкурс.

Констатирајќи дека се исцрпени сите точки од дневниот ред, Претседателот заклучи дека 35-тата седница на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија е завршена. Тој се заблагодари на сите за учеството и конструктивниот придонес во работата на Советот, со што ја затвори триесет и петтата седницата на Програмскиот совет на МРТ во 11:26 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-1569/8
19.03.2026г.

________________________

Давор Пашоски